РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 16.02.2015

Единица	Број	Прилог	Вредност
11	1227	1	

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: контролен

2. Субјекти на надзорот: Трговско радиодифузно друштво оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен – аналоген пакет.

3. Датум на извршување на надзорот: 14.02.2015 година.

4. Предмет на надзорот:

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

5. Претходно изречена мерка:

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-338 од 02.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 09.02.2015 година.

6. Констатации од надзорот:

Програмските сервиси кој овој оператор ги реемитува во својот аналоген пакет, а не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги се: Show и Planeta, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги.

7. Предлог мерка:

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за производство, трговија, угостителство, транспорт и услуги увоз-извоз Канал 16 ДОО Ресен, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права